РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-704/9
07-07 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Република северна Македонија бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Директорот на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје го донесе следното:

**ОДЛУКА**
**за избор на еден (1) извршител кандидат за административен службеник по пат на Интерен оглас број 01/2026 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работно место **Раководител на одделение за административни, општи и правни работи и човечки ресурси**, во Одделение за административни општи и правни работи и човечки ресурси, Сектор за административни општи и правни работи во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје се избира кандидатот **Александар Стојчески**.
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на истата, за што Музејот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас формирана со Решение бр.04-704/6 од 23.06.2026 година, ја спроведе постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа Одлука, а по Интерниот оглас бр.01/2026 за унапредување на административен службеник објавен на 18.06.2026 година, на веб страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје и на Агенцијата за администрација, на ден 03.07.2026 година спроведе административна селекција и на ден 03.07.2026 година спроведе интервју за наведеното работно место.
По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник за административна селекција бр.04-704/7 од 03.07.2026 година и Записник од спроведеното интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог – одлука за вработување бр.04-704/8 од 03.07.2026 година.
Врз основа на финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог –одлука за вработување бр.04-704/8 од 03.07.2026 година., Директорот на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.
**Правна поука:** Незадоволната страна од ова решение, има право на приговор во рок од 8 дена од денот на добивањето на истото, до надлежен орган согласно закон.

Доставено до:
-Архива
-Именуваните
-човечки ресурси

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
м-р Магдалена Манаскова